**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански суд Скопје**
**Основен Кривичен суд Скопје**
**ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4, Скопје**
**02 3111 533 izvrsitel.vesna.delovska@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр.138/2025**

Извршителот Весна Деловска од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Шпаркасе Банка АД Скопје** со ЕМБС 4558669, ЕДБ 4030993261735 и седиште на ул. Васил Иљоски бр. 14, засновано на извршната исправа - Нотарски акт ОДУ бр.879/21 од 05.10.2021 на Нотар Дарко Стојкоски, против заложните должници: **Друштво за производство,трговија и услуги Блокара Орашец ДООЕЛ Скопје** од Скопје со ЕДБ 4030990227870, ЕМБС 4149963 и седиште на ул.18 бр.12 Радишани; **Иванка Јовчева од Скопје** со живеалиште на ул.18 бр12 Радишани и **Боте Јовчев од Скопје** со живеалиште на ул.18 бр.12 Радишани, за спроведување на извршување заради реализација на заложно право, на ден 07.07.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора** продажба со усно јавно наддавање на недвижностите опишани и тоа:

**А)** во **имотен лист бр.2439 КО Кучевиште-Вонград** при АКН на РСМ со следните ознаки:
**Лист Б:**
**-КП 5921, дел 2, бр.на зграда 0, место викано Јурија, план 27, скица 51, кат.култура ГЗ и ГИЗ, класа 0, со површина 900.55м2;**
**-КП 5921, дел 2, бр.на зграда 2, место викано Јурија, план 27, скица 51, кат.култура ГЗ и ЗПЗ, класа 0, со површина 334.36м2;**
**-КП 5921, дел 2, бр.на зграда 1, место викано Јурија, план 27, скица 51, кат.култура ГЗ и ЗПЗ, класа 0, со површина 68.85м2;**
**Лист В:**
**-КП 5921, дел 2, адреса Јурија, бр.на зграда 1, нам.на зграда Згради во останато стопанство, влез 001, кат ПР, број 001, со површина 56м2;**
**-КП 5921, дел 2, адреса ул Бутелска ББ Радишани Скопје, бр.на зграда 2, нам.на зграда Б4, влез 001, кат ПР, број /, нам.на посебен дел ПП, со површина 30м2;**
**-КП 5921, дел 2, адреса ул Бутелска ББ Радишани Скопје, бр.на зграда 2, нам.на зграда Б4, влез 001, кат 01, број /, нам.на посебен дел ДП, со површина 260м2;**
**-КП 5921, дел 2, адреса ул Бутелска ББ Радишани Скопје, бр.на зграда 2, нам.на зграда Б4, влез 001, кат ПР, број /, нам.на посебен дел ДП, со површина 249м2;**
**-КП 5921, дел 2, адреса ул Бутелска ББ Радишани Скопје, бр.на зграда 2, нам.на зграда Б4, влез 001, кат 01, број /, нам.на посебен дел ПП, со површина 31м2;**
**-КП 5921, дел 2, адреса ул Бутелска ББ Радишани Скопје, бр.на зграда 2, нам.на зграда Б4, влез 001, кат 02, број 1, нам.на посебен дел СТ, со површина 211м2;**
**-КП 5921, дел 2, адреса ул Бутелска ББ Радишани Скопје, бр.на зграда 2, нам.на зграда Б4, влез 001, кат 02, број 1, нам.на посебен дел ПП, со површина 65м2;**
како и
**Во зграда 2 доградба на приземјето:**
-на **КП 5921, дел 2, адреса ул Бутелска ББ Радишани Скопје, бр.на зграда 2, нам.на зграда Б4, влез 001, кат ПР, број /,** површина **од 55 м2** станбена површина во кат приземје која не е запишана во катастарот на недвижности во ИЛ **2439 КО Кучевиште-Вонград**, попишано врз основа на чл.239 – а од ЗИ со записник за попис на предметни недвижности кои останале со незапишани права на сопственост И.бр.138/2025 од 19.05.2026 год., а согласно геодетскиот елаборат за посебни намени – теренска идентификација на КП за КО **Кучевиште-Вонград** деловоден број 0801-309/3-26 од 19.05.2026 година изработен од Друштво за геодетски работи Геопроект Плус Инженеринг Дооел Скопје.
**Во зграда 2 доградба на кат 1:**
-на **КП 5921, дел 2, адреса ул Бутелска ББ Радишани Скопје, бр.на зграда 2, нам.на зграда Б4, влез 001, кат 01, број /,** површина **од 35 м2** станбена површина во кат приземје која не е запишана во катастарот на недвижности во ИЛ **2439 КО Кучевиште-Вонград**, попишано врз основа на чл.239 – а од ЗИ со записник за попис на предметни недвижности кои останале со незапишани права на сопственост И.бр.138/2025 од 19.05.2026 год., а согласно геодетскиот елаборат за посебни намени – теренска идентификација на КП за КО **Кучевиште-Вонград** деловоден број 0801-309/3-26 од 19.05.2026 година изработен од Друштво за геодетски работи Геопроект Плус Инженеринг Дооел Скопје.

**Во зграда 2 доградба на кат 2:**
-на **КП 5921, дел 2, адреса ул Бутелска ББ Радишани Скопје, бр.на зграда 2, нам.на зграда Б4, влез 001, кат 02, број 1,** површина **од 8 м2** станбена површина во кат приземје која не е запишана во катастарот на недвижности во ИЛ **2439 КО Кучевиште-Вонград**, попишано врз основа на чл.239 – а од ЗИ со записник за попис на предметни недвижности кои останале со незапишани права на сопственост И.бр.138/2025 од 19.05.2026 год., а согласно геодетскиот елаборат за посебни намени – теренска идентификација на КП за КО **Кучевиште-Вонград** деловоден број 0801-309/3-26 од 19.05.2026 година изработен од Друштво за геодетски работи Геопроект Плус Инженеринг Дооел Скопје.
која се наоѓа во сосопственост на заложните должници **Друштво за производство,трговија и услуги Блокара Орашец ДООЕЛ Скопје и Иванка Јовчева**;

**Б)** во **имотен лист бр.808 КО Кучевиште-Вонград** при АКН на РСМ со следните ознаки:

**Лист Б:**

**-КП 5925, дел 4, бр.на зграда 0, место викано Јурија, план 27, скица 51, кат.култура Овоштарник, класа 5, со површина 455.36м2;**

која се наоѓа во сопственост на заложниот должник **Боте Јовчев**;

и

**В)** во **имотен лист бр.3995 КО Кучевиште-Вонград** при АКН на РСМ со следните ознаки:

**Лист Б:**

**-КП 5921, дел 1, бр.на зграда 0, место викано Јурија, план 27, скица 51, кат.култура ЗЗ и Н, класа 3, со површина 455м2;**

која се наоѓа во сопственост на заложниот должник **Иванка Јовчева**;

Продажбата ќе се одржи на ден **28.07.2026 година** во **10:00 часот** во просториите на Извршител Весна Деловска.

Почетната вредност на недвижностите, утврдена со предлог од доверителот, изнесува **756.106,00 евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажба како почетна цена за продажба на недвижностите, под која недвижностите не може да се продаде на второто јавно наддавање. **Недвижностите се продаваат како целина**.

Данокот на промет паѓа на товар на купувачот.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотека во корист на доверителот, хипотека во корист на УЈП на РСМ, Налог за извршување од Извршител Весна Деловска, Налог за извршување од Извршител Благоја Каламатиев и Налог за извршување од Извршител Павел Поп-Иванов.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250001002663794 која се води кај Шпаркасе банка АД Скопје и даночен број МК5080010500763, со назнака гаранција за И.бр.138/2025, најдоцна до 27.07.2026 година. **Доказ за извршена уплата на име гаранција е Извод од посебната сметка на Извршителот**.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на КИРСМ.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**

Д.-на: Должници, Доверител, ДП на РСМ, Извршител Павел Поп-Иванов, Извршител Благоја Каламатиев и Архива

**Правна поука**: Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд во рок од три дена од денот на приемот на заклучокот, согласно одредбите од член 86 од Законот за извршување.